РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Бр. 02-03/5
12.11. 2025 год.
БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

Заради обезбедување на законито, чесно, одговорно и транспарентно работење на вработените во Општина Битола, градоначалникот на Општина Битола утврди

# КОДЕКС НА ЕТИКА
## на вработените во Општина Битола

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Кодексот на етика на вработените во Општина Битола ги изразува вредностите и принципите кои треба да ги водат вработените во нивната секојдневна работа, заради обезбедување на почитување на законитост, одговорност, професионален интегритет, ефикасност, лојалност, транспарентност и заштита на човековите слободи и права.

Кодексот на етика на вработените на Општина Битола ги зема во предвид општите законски етички барања што важат за вработените во јавниот сектор и специфичните барања кои се однесуваат на нивните професионални работни задачи и обврски.

Усвојувањето и примената на Кодекс на етика промовира чувство на одговорност, зголемена доверба и сигурност во извршувањето на работите и работните задачи.

Вработените во вршењето на работите и работните задачи постапуваат во согласност со одредбите на Кодексот на етика. Секој нововработен кој за прв пат засновува работен однос се запознава со одредбите на Кодексот на етика.

Со примената на етичките принципи општината го зацврстува својот интегритет, се зголемува вредноста на професионалното работење на вработените, се стандардизира нивното постапување во одредени ситуации, се намалуваат ризиците во работењето и употребата на дисциплински мерки.

Изразите употребени во Етичкиот кодекс кои се родово определени, се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол.

ЦЕЛ НА КОДЕКСОТ НА ЕТИКА

Член 2

Цел на Кодексот на етика е обезбедување на зацврстување на интегритетот на Општина Битола, унапредување и афирмација на достоинството и угледот на вработените и зголемување на довербата на граѓаните и пошироката јавност во работата на Општина Битола.

## ПРИНЦИПИ НА КОДЕКСОТ НА ЕТИКА И ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

### Член 3

Почитувањето на етичките принципи е законска обврска и императив за вработените во Општина Битола. Вработените на општината во извршувањето на работите и работните задачи се придржуваат на основните принципи на овој кодекс и стандардите на однесување, како што се:
- владеење на правото,
- остварување на јавниот интерес,
- одговорност,
- сервисна орентираност,
- заемно почитување и заштита на угледот на општината,
- соработка, ефикасност и економичност,
- отчетност, транспарентност, доверливост,
- одговорно постапување со информации,
- професионалност, континуирано учење и усовршување,
- спречување на судир на интереси,
- недискриминација, непристрасност и објективност,
- политичка неутралност,
- почитување на демократски вредности и социјални права.

### Член 4

Вработените ги извршуваат работите и работните задачи во согласност со Уставот и законите, другите прописи донесени врз основа на закон и ратификуваните меѓународни договори.

Вработените никогаш не треба да работат на начин на кој знаат или се сомневаат дека е незаконски, непрописен, неетички или неморален.

### Член 5

Вработените на општината во своето работење се посветени исклучиво на јавниот интерес и општото добро на граѓаните.

Вработените совесно ги извршуваат работите и работните задачи, согласно со правилата на професијата, преку промоција на толеранција и меѓусебно почитување и соработка.

Во своето професионално делување, вработените ги почитуваат основните човекови права и вредности спрема начелото на социјална правда и еднаквост без разлика на постоечките разлики и се должни да ја задржат својата стручност, компентенција и интегритет во работата.

Член 6

Вработените го чуваат угледот на општината и независно од позицијата на која се наоѓаат, даваат придонес за унапредување на работата на општината, како и подобрување на ефикасноста на работата.

Вработените воспоставуваат односи на заемна доверба и соработка со граѓаните и правните лица, покажувајќи разбирање, пристојност и волја да се помогне, а не да се спречи остварувањето на нивните законски права.

Член 7

Вработените во извршувањето на своите работи, работните задачи, овластувања и должности, избегнуваат било каков судир помеѓу јавниот и приватниот интерес, како и било каков сомнеж за постоење на судир на интереси. Особено водат сметка за почитување на законската регулатива за спречување на корупцијата, судирот на интереси и заштита на укажувачите.

Член 8

Вработените на општината при извршувањето на работите и работните задачи не смеат да бараат, примаат односно да дозволат друго лице во нивно име или во нивна корист да дава или прима подарок, услуга или каква било друга вредност, помош или друга корист во врска со вршењето на работите и работните задачи, а кој би можел да има влијание или на кој било друг начин да го компромитира нивното расудување или да ги стави во несоодветна подреденост и обврска.

Член 9

Вработените со своето работење се однесуваат професионално и ги задржуваат највисоките стандарди на однесување, ги промовираат демократските вредности и владеењето на правото, не дискриминираат, не користат говор на омраза и навреди, не понижуваат или дискредитираат, не се вклучени во корупција или друг вид на злоупотреба на службената должност.

Вработените обезбедуваат еднакви стандарди при вршењето на работата преку фер и правичен однос и одбегнување на дискриминација по било кој основ.

Член 10

Вработените се грижат и го унапредуваат сопствениот дигнитет и угледот на општината и тоа како за период на работното време, така и надвор од него. Притоа не ја користат службената положба за приватни цели и не изнесуваат службени податоци кои би можеле да го нарушат угледот и довербата на општината.

Вработените при вршење на работните задачи го почитуваат правото, достоинството и интегритетот на другите и се грижат за сопствениот интегритет. Интегритетот на личноста вклучува чесност, вистинитост, обврска кон сопствените морални вредности и должности.

Член 11

При учество на работни состаноци, обуки и други видови на стручно оспособување и усовршување, вработените имаат обврска достојно да ја претставуваат Општина Битола.

Вработените во сите јавни настапи и претставување на Општина Битола пред други, ги изнесуваат ставовите на Општина Битола во согласност со законските прописи и надлежности, стручните знаења и Кодексот на етика.

Член 12

Вработените се должни да ја вршат својата работа професионално, посветено, рационално и навремено, почитувајќи ги приоритетите и редоследот на задачите.

Работите и работните задачи ги извршуваат одговорно, стручно и ефикасно со примена на нивните најдобри знаења и вештини, го следат развојот на својата област, континуирано се надоградуваат и обучуват и ги применуваат стекнатите знаења заради личен напредок и зголемување на ефикасноста на општината.

Член 13

Вработените во односот со колегите ги негуваат начелата на тимска работа, взаемно почитување, почитување на различностите, солидарност и соработка.

Се почитува приватноста и дискрецијата на колегите и претпоставените.

Комуникацијата и соработката се одвива на начин кој не го повредува достоинството и личниот интегритет, туку придонесува за создавање на пријатна работна атмосфера, толерантност, транспарентност и меѓусебно разбирање.

Член 14

Вработените обезбедуват економично и ефикасно управување и користење на материјалните средства, опремата и предметите што им се доверени во извршувањето на работните задачи и го спречуваат нивното незаконско користење и располагање, се грижат за преземање на соодветни мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети, како и за отстранување на можностите за предизвикување на материјална штета.

Доверените средства,опрема и предмети не ги користат за приватни потреби.

Член 15

Сите форми на комуникација меѓу вработените се засновуваат на меѓусебна почит, доверба, соработка, пристојност и одговорност.

Вработените им овозможуваат пристап на колегите до потребните информации од интерес на работата, развиваат форми на организациско учење, ги прифаќаат и вреднуваат колегите со нивните професионални достигнувања.

Вработените континуирано се едуцираат и стручно усовршуваат за да обезбедат високо ниво на стручна и етичка компентенција.

Член 16

Вработените овозможуваат пристап до информации од јавен карактер согласно закон, односно вистинито, навремено, целосно.

Информациите и податоците од работата на општината се доставуваат до јавноста на јасен и разбирлив начин, во писмена и електронска форма.

На бараните информации од јавноста и засегнатите страни одговараат неселективно, навремено и аргументирано за аспектите од работењето на општината.

Член 17

Во процесот на развивање, оценување, донесување и спроведување на јавните политики, вработените ги применуваат сите легитимни форми за учество и вклученост на сите засегнати страни.

Вработените се посветени кон усогласување на различните интереси заради постигнување на широк консензус за одлуките кои се од јавен интерес, во процесот на развивање, оценување, донесување и спроведување на јавните политики.

НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОВЕРЕНИК ЗА ЕТИКА

Член 18

Градоначалникот назначува повереник за етика, како одговорно лице за следење на спроведувањето на овој кодекс.

Назначеното лице за интегритет на општината е повереник за етика и промовира почитување и однесување на вработените на општината согласно Кодексот на етика.

Тој им укажува на вработените за пропустите во работата и презема потребни мерки за примена на етичките правила и стандарди.

Член 19

Повереникот за етика на барање на градоначалникот, секретарот, раководни службеници, по сопствена иницијатива или по допрен глас, ги советува вработените за било какво етичко прашање и однесување поврзано со овој кодекс и дава генерални препораки за натамошно постапување.

Член 20

Повереникот за етика ја следи примената на овој кодекс преку воспоставување посебен систем за следење, кој опфаќа периодични проверки преку различни методи: прашалници, разговори и интервјуа со вработени, консултации со граѓани и слично.

СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ И ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ОД КОДЕКСОТ

Член 21

Вработените се лично одговорни за своето работење во согласност со Уставот, законите и овој кодекс.

Вработените потпишуваат писмена изјава со која потврдуваат дека ќе го почитуваат и применуваат овој кодекс. Потпишаните изјави се чуваат во персоналното досие на вработените.

Член 22

Вработените во Општина Битола носат целосна морална, материјална и кривична одговорност за примената на одредбите на овој Кодекс.

Непочитувањето на одредбите на овој кодекс повлекува одговорност на вработениот, во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и други прописи со кои се регулирани овие односи.

Член 23

Повереникот за етика, односно лицето за интегритет, може да предложи измени или дополнувања на Кодексот на етика со цел подобрување на документот и отсликување на реалните ситуации во работењето на општината.

Член 24

Градоначалникот на општината по потреба основа и Етички комитет, составен од три членови.

Етичкиот комитет соработува со повереникот за етика, дава мислење за начинот на примена на одредбите од Кодексот на етика и постапува по претставки и сознанија за неетичко постапување на вработен, односно за постапување кое е спротивно на Кодексот на етика.

Етичкиот комитет ги разгледува и испитува претставките и сознанијата за неетичко постапување на вработениот, составува извештај за констатираната состојба и го доставува за натамошно постапување до секретарот и непосредно претпоставениот раководител на вработениот.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

Сите вработени на општината се должни да се запознаат со одредбите на Кодексот на етика и да се грижат за негова правилна примена.

Член 26

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување и се објавува на веб страната на општината.

Градоначалник на Општина Битола,
Тони Коњановски

Прилог 1

Врз основа на член 18 од Етичкиот кодекс за вработените во Општина Битола ја давам следната

ИЗЈАВА

Јас ____________________________________________________________,

вработен/а во Општина Битола, на работно место____________________________

во одделението ____________________________________________________

изјавувам дека сум запознат/а со Кодексот на етика на вработените на Општина Битола.

Изјавувам дека доследно ќе го почитувам и применувам Кодексот на етика на вработените на Општина Битолаи и ќе се придржувам кон неговите одредби при извршувањето на работите и работните задачи.

Дата _____________

Потпис ______________